**Христо Андонов-Полјански. МИСИЈАТА НА ВИЉЕМ МАРТИН ЛИК ВО МАКЕДОНИЈА,** Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. 21, Скопје, 1969, 49—72

Мисијата на Виљем Мартин Лик во Македонија, изведена во епохата на Наполеоновите војни претставува важна карика во пенетрацијата на британското влијание на ова подрачје.

Оваа мисија на видниот британски политички и воен работник, археолог, филолог и истражувач В. М. Лик (1777—1860 год.) во Македонија „имала за цел да се испита тогашната современа состојба во Македонија, нејзината стратешка важност, комуникационите потенцијали, политичката раздвиженост и нејзиното културно, пред сè, археолошко наследство. Овој негов потфат чинел само дел од поопстојно замислената цел на неговата мисија да испита што поголеми подрачја од европскиот дел на Отоманската империја, да го осигури британското влијание на овој терен за елиминирање на француските позиции. Посебна тенденција неговата мисија имала во обидот да го привлече познатиот одметник Али Паша Јанински на британска страна со цел да се парира Наполеоновата јадранска политика. Во склопот на тој интерес била опфатена и Ликовата мисија во Македонија“. (49)

Во литературата периферно допрените аспекти од дејноста на В. М. Лик во Отоманската империја не овозможуваат да се добие комплетна слика за неговата мисија.

Овој прилог на Полјански, плод на неговите неуморни истражувања, претставува прв чекор во комплексното расветлување на Ликовата мисија на Балканот, посебно во Македонија.

По мошне концизниот осврт на изворите и литературата, авторот во општи црти се задржува на напорите на „британските заинтересирани фактори за осигурување на нивните позиции на оваа, за она време, така важна сфера на влијание“. (55)

Според авторот, мисијата на В. М. Лик поминала низ три етапи. „Првата етапа го опфаќа периодот од почетокот на неговата мисија: февруари 1805 година до неговото затворање во Солун: февруари 1807 година. Втората етапа го опфаќа неговото затворање и ослободување и повторното враќање во Британија. Третата етапа го опфаќа неговото повторно ангажирање во нова мисија: есента 1808 до крајот на 1809 година“. (56)

По опстојно извршената анализа на Ликовата мисија на Балканот авторот конкретно се задржува на Ликовите извештаи за Македонија во кои бил изнесен „мошне автентичен материјал и за тогашната состојба во Македонија, особено за нејзините значајни географски и стратешки пунктови во западните и јужните делови“. (62)

Во септември 1805 година, Лик посетил некои јужни и западни области на Македонија. Во есента 1806 година, одново ги посетил јужните делови на Македонија.

Во своите извештаи „Лик прави анализа на покарактеристичните точки, особено на важните комуникации во приморска Македонија, на особеностите на струмската долина и поврзаноста со важните северни комуникации. Потоа се осврнува на комуникациите на Повардарјето и

нивните утврдувања. Тие премини ги смета како „најзначајни во западниот дел на Европска Турција“". (63)

Освен тоа, во своите извештаи, Лик се осврнал и на политичката ситуација во овие области.

Исто така, авторот го изнесува и Ликовото политичко ангажирање кај Али Паша Јанински и Исмаил-бег од Серез.

Потребно е да се истакне дека авторот ставил посебен акцент на средбата помеѓу Лик и Бајрон во Јанина во 1809 година. „Лик му бил на Бајрона главниот информатор за ситуацијата во целиот европски дел на Турција, чиј поголем дел, особено јужниот, Лик го посетил... Освен тоа, кажувањата на В. М. Лик служеле најверојатно и како мотив, кој така исцрпно Бајрон го користел во неговата прекрасна поема „Чајлд Харолд“". (61)

Правејќи осврт на мошне обемниот творечки опус на В. М. Лик, Полјански посебно се задржува на „Четворојазичникот" во кого биле „употребени материјали од југозападните македонски дијалекти од околината на Битола, со паралелно изнесување на албански, романски и грчки текст со англиски превод. Така што, за македонскиот материјал преводот на англиски значи прв обид за македонско-англиски, односно англиско-македонски речник". (67)

Оценувајќи ја мисијата на Лик, авторот заклучува: „Политичката мисија на В. М. Лик претставувала значаен потфат на тогашната британска политика. Освен тоа, оваа мисија имала и друго свое значење. Имено, В. М. Лик не бил само опитен дипломат, воен набљудувач и информатор, туку и мошне солиден научник — археолог, филолог, географ и историчар. За време на мисијата го испитувал теренот согласно на својот научен интерес и собрал огромен материјал. Како резултат на научно-испитувачката работа објавил ред значајни трудови во кои видно место ѝ е одделено на Македонија, на нејзината политичка и стопанска историја, географија, археолошките, нумизматичките и другите богатства. Со тоа В. М. Лик одиграл голема улога во запознавањето на научниот свет и со специфичните особености на Македонија. Со тоа неговата дејност добива многу по своето значење, зашто во основа служела и за афирмацијата на Македонија во меѓународни размери." (71)

На крајот авторот дава кратко резиме на англиски јазик.

Поради сето ова овој научен труд има посебно значење за нашата историографија. Пионерскиот потфат на Полјански во презентирањето на мисијата на В. М. Лик во Македонија ја одредува стојноста и местото на овој прилог во македонската историографија.

Д. Д.

**Д-р Орде Ивановски, БАЛКАНСКИТЕ СОЦИЈАЛИСТИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД 90-ТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК ДО СОЗДАВАЊЕТО НА ТРЕТАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА,** Култура Скопје, 1970, 438

Во издание на Скопската издавачка куќа „Култура" излезе од печат монографијата на Д-р Орде Иваноски — „Балканските социјалисти и македонското прашање."

Појавата на оваа монографија е